**П О В И К**
**за пријавување на новинари на Обуката за интегритет и професионални стандарди на новинарите во истражувачкото новинарство**

во рамки на проектот
„Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ финансиран од Европската Унија

Центарот за управување со промени (ЦУП) од Скопје во соработка со Институтот за човекови права (ИЧП) од Скопје, во рамките на заедничкиот проект **„Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“,** финансиран од Европската Унија преку Програмата за поддршка на граѓанскиот сектор во рамките на слободата на медиумите за 2014 година, објавуваат повик за пријавување на новинари на Обуката за интегритет и професионални стандарди на новинарите во истражувачкото новинарство кој се спроведува во рамки на проектот.

Цел на овој отворен повик е да им се даде еднаква можност на сите новинари, кои имаат искуство или интерес за истражувачко новинарство, да се пријават на Обуката за интегритет и професионални стандарди на новинарите во истражувачкото новинарство.

Обуката ќе се одржи на **04 септември 2017 (понеделник) во Хотел Арка, Скопје, во периодот од 10:00 до 16:00 часот**.

За успешна реализација на Обуката како експерт ќе биде ангажиран реномираниот истражувачки новинар **Паул Раду** од Романија. **Работен јазик на Обуката ќе биде англиски.**

**На обуката се очекува да учествуваат најмногу 40 новинари кои имаат искуство во истражувачко новинарство и кои се заинтересирани за учество на Обуката.**

Сите заинтересирани кандидати да се пријават со испраќање на име, презиме и контакт на е-маил адресата vafire.muharemi@ihr.org.mk .

Крајниот рок за пријавување е **30.08.2017 (среда) до 14:00 часот.** Ќе биде применет принципот на *прв дојден, прв услужен*.

Учесниците на Обуката за интегритет и професионални стандарди на новинарите во истражувачкото новинарство се обврзани да бидат присутни и активно вклучени за време на Обуката.
**Патните трошоци за новинарите надвор од Скопје ќе бидат надоместени.**
**Работните материјали, ручекот и кафе паузите наведени во дневниот ред ќе бидат обезбедени од организаторот.**

Лице за контакт: Вафире Мухареми - vafire.muharemi@ihr.org.mk .

Проектот е финасиран од ЕУ и кофинансиран од Британска амбасада Скопје

British Embassy Skopje